Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ - СКОПЈЕ
TEATRI I FËMIJËVE DHE TË RINJVE - SHKUP
Бр./No. 01-177/1
4. 03. 2024 год
Скопје/Shkup

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА ЗА 2023 година

ТЕАТАРСКИ ПРЕМИЕРИ

1.Франкенштајн

По мотиви од романот „Франкенштајн“ од Мери Шели

Режија: Кокан Младеновиќ (Р.Србија)

Премиера: 06.07.2023

2. Како ќе го делиме мачорот:

По мотивите на романот " Не е крај на светот" од Џуди Блум

Автор: Јане Спасиќ

Режија: Јане Спасиќ

Премиера: 22.11.2023

3. Реализација на второто издание на ИФДТ „Игор Маџиров” во реализација на Н.У.Театар за деца и младинци од 27.09.2023 до 30.09.2023

ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИ НА ВТОРИОТ ИФДТ „ИГОР МАЏИРОВ“ 2023

Во конкуренција од осум исклучително квалитетни театарски претстави, жири комисијата на второ издание на Интернационалниот фестивал на детски театри „ИГОР МАЏИРОВ“ 2023, во состав: претседателот на комисијата Тин Грабнар, режисер од Словенија и членовите: театрологот Миливоје Млаќеновиќ од Србија и актерот Драган Довлев, ГРАН ПРИ наградата за најдобра претстава на фестивалот ја прогласи: „МОМЧЕТО СО КУФЕРОТ“ во изведба на Мал Театар „ Душко Радовиќ” Р.Србија во режија на Дамјан Кецојевиќ

„Оваа возбудлива драмска приказна со актуелна содржина и сценски јазик и еруптивна актерска енергија, остава силен впечаток на сите генерации“ стои во одлуката на жири комисијата за доделната Гран при награда.

Наградата за најдобра режија беше доделена на Дамјан Кецојевиќ за истоимената претстава

Наградата за најдобри актерски остварувања беа доделени на: Јелена Илиќ и Недим Незировиќ за актерските остварувања во претставата „Момчето со куферот“.

Наградара за најдобра сценографија е доделена на претставата „Шумата од песни“ во режија на Петер Кус, а во изведба на „Кускус“ институтот, Арт продукција од Љубљана, Словенија.

Наградата за најдобри костимографија се доделува на Маја Мирковиќ, костимограф на претставата „Момчето со куферот“ во изведба на Мал театар „Душко Радовиќ“, Белград, Србија.

Специјалната награда за музика од жири комисијата отиде во рацете на Петер Кус, за претставата „Шумата од песни“. Жирито додели уште две специјални награди за севкупност на естетскиот израз на претставата „Бамби“ во режија на Јакуб Максимов, а во изведба на Театарот за деца и млади од Крагуевац, Србија и уште една специјална награда за имагинативно куклено мислење на претставата „ERROR 404“ во режија на Вагнер и Хулио Гало, а во изведба на театарот „Анхелес де трапо“ од Малага, Шпанија.

Годинава за прв пат беше доделена Наградата за најдобра претстава од членовите на детското жири во состав: Тара Поповска, Уна Силјановска, Теофил Сачкарски, Неда Блажевска, Саша Димитриевска, Максим Ѓорѓиевски. Според нив, најдобра претстава на фестивалот е „Момчето со куферот“ во режија на Дамјан Кецоејевиќ, а во изведба на Мал театар „Душко Радовиќ“ од Белград, Србија.

Учество на фестивали:

1. Учество со претставата „Роња, ќерката на ограбувачот“ на XXV-от меѓународен куклен фестивал „Златна искра“ во Крагуевац, Р.Србија од 16.05 до 18.05.2023 година

2. Учество со претставата „Роња, ќерката на ограбувачот“ на XXXI-от Которски фестивал на театри за деца во Котор, Р.Црна Гора од 08.07 до 11.07.2023 година

3. Учество на ,,Новосадски театарски игри,” во Нови Сад,Р. Србија (со сопствени сретства)

4. Учество на ,,Меѓународниот куклен фестивал “во Подгорица, Р.Црна Гора (со сопствени сретства)

5. Учество на ,,Ревија на куклени театари” во Ријека, Р.Хрватска (со сопствени сретства).

6. Учество на светстката конференција за изведувачки уметности за деца и младинци „Пресвртница“ во Белград и Нови Сад, Р.Србија од 24.11 до 25.11.2023 година

Добиени награди:

1. „РОЊА, ЌЕРКАТА НА ОГРАБУВАЧОТ“

ГРАН ПРИ награда за најдобра претстава

Матеа Јанковска - Награда за Најдобра анимација на кукли

„Новосадски театарски игри" во Нови Сад, 2023

2. „РОЊА, ЌЕРКАТА НА ОГРАБУВАЧОТ“

Матеа Јанковска - Награда за Најдобро актерско остварување

Лазар Новков - Награда за најдобра музика

„Златна искра" во Крагуевац, 2023

3. „РОЊА, ЌЕРКАТА НА ОГРАБУВАЧОТ“

НАЈДОБРА ПРЕТСТАВА

„31. Которски фестивал на театри за деца" во Котор, 2023

ГРАН ПРИ награда за најдобра претстава (од жири на град Котор)

4. „РОЊА, ЌЕРКАТА НА ОГРАБУВАЧОТ“

ГРАН ПРИ за најдобра претстава

Награда за најдобра РЕЖИЈА на Јакуб Максимов

Награда за АКТЕРСКО МАЈСТОРСТВО за Матеа Јанковска

Меѓународниот куклен фестивал во Подгорица, Црна Гора, 2023

5. „РОЊА, ЌЕРКАТА НА ОГРАБУВАЧОТ“

Најдобра претстава по избор на публика на на ,,Ревија на куклени театари” во Ријека од 3 до 11 Септември 2023

Изработил: Фросина Карловицс

Со почит,

директор

Катарина Илиевска Силјановска